СОЈУЗ НА МИКРОФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
ул. Св. Кирил и Методиј 48, лок. 5-А, МК-1000 Скопје
т. +389 2 6161605
е. office@mfo.mk
w. www.mfo.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето на Сојузот на МИКРОФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ за 2016 година

### ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Во текот на 2016 година, со интензивен ангажман на основачите на Сојузот, беше продолжено успешното спроведување на активностите во рамки на обезбедената проектна поддршка од УСАИД, со проектот "Инклузија и иновации во микрофинансирањето" склучен со договор за проектна поддршка во септември 2015 година.

Во таа насока, беше заокружен процесот на градење на оперативна организација која располага со потребните капацитети за успешно реализирање на сопствените, како и зацртаните цели на донаторскиот проект.

Во доменот на градење на инклузивни микрофинансиски пазари, Сојузот спроведе активности на подготовка и набавки на нови информатички платформи и софтверски решенија за водечките микрофинансиски организации како и истражување на пазарот за потребите на дефинирање на нови финансиски продукти и услуги, базирани на најнапредните технолошки иновации.

Сојузот одржа серија на обуки за финансиски знаења за различните целни групи за јакнење на капацитетите на широки слоеви на население за користење на финансиските услуги.

Со градење на партнерски однос со клучните институции од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, Сојузот во текот на изминатата година работеше на јакнење на јавно-приватниот дијалог и подобрување на регулативата која ја уредува деловната клима за микрофинансирање.

Во рамки на тој процес, беше одржан регионалниот форум "Со микрофинансирање до финансиска инклузија" во Скопје, како и студиско патување со посета на најрелевантните институции во Србија во доменот на реформата на платежните услуги во согласност со директивите на Европската унија.

Во текот на годината беа одржани десет седници на Надзорниот одбор и една редовна седница на Собранието при што се донесени акти кои го уредуваат работењето на Сојузот.

Според финансискиот извештај за 2016 година, Сојузот има реализирано вкупни приходи од 22.027.843 денари и расходи од 14.650.807денари.

Непотрошениот износ на приходи, кој се состои од наменски средства за донаторскиот проект со УСАИД изнесува 7.376.464 денари и се пренесува во 2017 година.

М-р Горан Лазаревски

Извршен директор

ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ДЕТАЛИ

Сојузот на Микрофинансиски организации е основан во 2011 година, од

- Здружение на граѓани ЦЕП Можности,
- Здружение на граѓани ФУЛМ,
- Микрокредитна фондација Хоризонти и
- Македонска Развојна Фондација за Претпријатија.

Сојузот е регистриран во Регистарот на здруженија и фондации во Централниот регистар Скопје, регистерски број 6711430.

Надзорот над работењето на Сојузот се спроведува од страна на Надзорниот одбор во состав:

1. Снежана Андова
2. М-р Елеонора Згоњанин Петровиќ
3. Тетјана Лазаревска
4. Васил Давалиев



Извршната канцеларија на Сојузот ја сочинуваат:

- Горан Лазаревски, извршен директор
- Елена Цуцулоска, оперативен менаџер
- Наташа Јорданова, проектен асистент

ВИЗИЈА

Визијата на МФО е намалена сиромаштија и невработеност и воспоставена социјална кохезија.

МИСИЈА

Мисијата на МФО е да придонесе за создавање општество во кое одржливиот микрофинансиски сектор ќе испорача адекватни финансиски и нефинансиски услуги за намалување на сиромаштијата преку промоција на претприемништво и развојот на микро и малите претпријатија и други лица кои имаат отежнат пристап кон финансиски услуги.

ЦЕЛИ

Сојузот се стреми кон остварување на следните цели:

- Подобрен пристап до финансиски услуги, како моќен инструмент за развој на претприемништвото и намалување на сиромаштијата, преку интензивна комуникација со целните групи и воведување на иновативни продукти со користење на информатички и комуникациски технологии;
- Подобрено деловно опкружување преку поголема инклузивност на деловната заедница и невладиниот сектор во носењето и имплементирањето на легислативата и регулативата во организирана форма;
- Промовирање и развој на претприемништвото, поттикнување иновации и развој на партнерства;
- Подобрен капацитет на членките на Сојузот;
- Остварување на заедничките интереси на членките на Сојузот преку интензивна и активна комуникација со сите релевантни чинители во областа на заедничкото дејствување.

ЦЕЛНИ ГРУПИ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Во својата работа Сојузот се фокусира кон поддршка на почетните претприемачи, микро и малите претпријатија, како и сите други кои имаат отежнат пристап до финансиски услуги (Ромите, руралната популација, итн.).

За остварување на целите, Сојузот работи на воспоставување силни врски со други домашни невладини организации, меѓународни организации и странски донатори.

ВРЕДНОСТИ

МФО се базира на следните вредности: претприемништво, учество, партнерство, одговорност и транспарентност, одржливост и еднакви можности.

СОЈУЗ НА МИКРОФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
ул. Св. Кирил и Методиј 48, лок. 5-А, МК-1000 Скопје
т. +389 2 6161605
е. office@mfo.mk
w. www.mfo.mk

На иницијатива на членките, а по спроведени консултации со засегнатите страни, во рамки на Сојузот е изготвена апликација за проектна поддршка, која беше поднесена со УСАИД и за која беше добиена согласност за финансиска поддршка за серија на активности:

**Програма: Инклузија и иновации во микрофинансирањето**

Извор на финансирање: УСАИД Македонија

Почеток на проектот: 28.09.2015 година

Времетраење на проектот: Три (3) години

Имплементациски партнери:

- Штедилница Можности
- Штедилница ФУЛМ
- Микрокредитна фондација Хоризонти
- Македонска развојна фондација за претпријатија

Главна цел на проектот е подобрен пристап до финансии според потребите на домаќинствата со ниски приходи, претприемачите и малите и микро-претприемачи. Овозможувањето на лесен пристап до финансии за домаќинствата со ниски или без приходи, претприемачите и микро и малите претпријатија ќе овозможи создавање на нови работни места кои од друга страна водат до економски раст и намалување на сиромаштијата како конечна цел на проектот.



Програмата се состои од три главни компоненти на активности:

1. Инклузивни финансиски пазари
2. Овозможувачка околина
3. Регионален пристап

Во текот на 2016 година успешно беа реализирани предвидените активности во согласност со проектниот работен план:

<u>Компонента 1: Градење на инклузивни финансиски пазари</u>

Беше спроведена серија на активности со кои се обезбеди успешно остварување на главната цел, да се подобри и да се прошири опфатот на неопслуженото и сиромашно население и да се создадат инклузивни микрофинансиски услуги каде поголем дел од целните групи кои имаат потенцијал да придонесат за растот на македонската економија, ќе имаат пристап до финансиските услуги, зголемување на финансиските и компјутерски знаења меѓу микро-бизнисите и населението во руралните области за водење на нивниот бизнис, да се јакне базата на средства и управува со ризици, а со тоа да се зголеми бројот на микро клиенти и клиенти во руралните области.




Преку истражување на пазарот и потребите на целната популација кое беше спроведено во текот на извештајната година во соработка со една од водечките компании за истражување (ГфК Скопје), поставена е солидна основа за дефинирање на финансиски производи и преостанува тој процес да се заокружи по исполнување на техничките претпоставки како дел од новите ИТ-платформи, како и соодветно да се промовира и дистрибуира до крајните корисници. Овие иновативни услуги ќе се карактеризираат со врвен квалитет, по имплементација на новите софтверски решенија и технологии кои ги имплементираме кај нашите проектни партнери.

*Нови ИТ платформи за водечките микрофинансиски организации-партнери на проектот*

Во соработка со имплементациските партнери беше спроведен процес на идентификување на најсоодветен пристап и решенија за изградба на потребната инфраструктура по пат на дефинирање на конкретни и јасни технички спецификации и барања за интегрирано ИТ решение со активно вклучување на сите заинтересирани страни.

Процесот продолжи со идентификација и анализа на различни опции и избор на најсоодветните понуди за интегриран софтвер за финансиски институции на пазарот, прилагодени на потребите на секој партнер за имплементација на Проектот за е-банкарство, М-банкарство итн, вклучувајќи презентација на решенија од софтверски добавувачи, стекнување на знаења за технички карактеристики и можности за развој на софтвер. Овој процес резултираше со утврдување на конечно решение за системот и процесот на хармонизација на законодавството и спроведување на набавки како и имплементација на новите системи.

*Јакнење на присуството на традиционалните и нови микрофинансиски производи*

Напорите за јакнење на присуството на традиционалните микрофинансиски производи во оваа година беа тековни, додека активностите кои се однесуваат на воведувањето и промоција на нови производи ќе се реализираат во согласност со временскиот распоред на дефинирање на нови производи и соодветна инфраструктура.

Истражување на пазарот

Истражување на пазарот беше реализирано во корелација со развојот на новите ИТ платформи и во согласност со опциите кои се достапни со софтверските решенија и дефинирање на можностите за отворање на нови услуги на е-банкарство и М-банкарство.

По детално дефинирање на тендерската постапка и услови, беше спроведена постапка за јавна набавка пришто од четири примени апликации од страна на шест локални компании за изведувач на истражувањето беше избрана реномираната компанија ГфК Скопје, дел од меѓународна група на компании за истражување со седиште во Виена, Австрија.

Истражувањето спроведено во август 2016 година вклучи 660 интервјуа во подрачните филијали на членките и 840 во јавноста, од кои 150 по телефон. Со овој пристап беше овозможеночленките те и нивниот персонал активно да дадат придонес во процесот.

Резултатите од истражувањето на пазарот ќе играат клучна улога во процесот на дизајнирање на нови производи, пришто секако, дефиницијата на нови производи ќе биде целосно усогласена со имплементираните ИТ платформи и можностите кои тие ги нудат, со цел да се избегнат недоследности кои би можеле да ја загрозат довербата на клиентите.

Наодите од истражувањето се сеопфатни и обезбедуваат увид во мислењата и интересите на сложената структура на целните групи на членките те на Сојузот со што се постави почетна точка за создавање на нови финансиски производи и утврдување на обемот и основата на маркетиншката и медиумска кампања .

*Јакнење на капацитетите за финансиска писменост*

Во оваа група на активности, Сојузот го задржа фокусот на целните групи, на кои им беше овозможено

- да ги унапредат своите лични финансии и вештини за управување со долгот,

- да се запознаат со видовите на услуги микрофинансирање, вклучувајќи ги и новите производи микрофинансирање,



*Обука за финансиски знаења во Кавадарци*

- да научат повеќе за управувањето со личните, но и буџетите на претпријатието,
- да се задолжуваат разумно, да разликуваат видови на кредити и нивни трошоци, да ги познаваат последиците од презадолженоста и стандардите кои важат.

За таа цел, тим на професионалци беше ангажиран со задача да се изготви анализа на состојбата и дизајнирање на наставна програма за учесниците со цел да се зајакне нивното ниво на финансиски знаења и да се изгради поволна средина за промоција на нови производи на пазарот.

Во рамките на компонентата "Инклузивни финансиски пазари" во групата на активности "Јакнење на капацитетите за финансиска писменост", со поддршка на Сојузот и проектните партнери-членки на Сојузот, МРФП преку локален понудувач избран по процес на јавна набавка изврши подготовка и одржување на седум дводневни обуки за финансиска писменост за целните групи.



*Обука за финансиски знаења во Велес*

Во периодот јули-август, во консултации со партнерите на проектот а врз основа на искуствата со целната група, беа идентификувани индикативните теми за обука во областа на финансиите а



*Обука за финансиски знаења во с. Мустафино*

обуките беа спроведени во текот на септември 2016 година, со учество на 139 лица, од кругот на неформални бизниси, микро-претприемачи, земјоделци и студенти, во Скопје, Битола и Струмица.

Компонента 2: Креирање на поволно окружување

*Поволно деловно окружување за микрофинанискитe организации*

Во текот на годината беше ставен фокус на анализа на можностите за застапување на интересите на членките, за развој на инклузивен микрофинансиски сектор, анализа на релевантните закони кои влијаат на нивното работење и советување на релевантните институции преку јавни дебати за регулативата за да се подигне свеста за предностите на производите и услугите на членките во однос на комерцијалниот банкарски сектор.

За таа цел, партнерски односи беа воспоставени меѓу Сојузот и клучните институции од јавниот и приватниот сектор, организации, како и со групи на граѓанските организации активни во доменот на интерес на микрофинансирање.



*Од потпишувањето на меморандумот за соработка со НБРМ*

Овие партнерства ги вклучуваат и

- Народната банка на Република Македонија со Меморандум за разбирање и соработка во областа на финансиската инклузија и едукации,
- Министерството за финансии,
- Министерството за економија,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Агенцијата за поддршка на претприемништвото,

- Стопанската комора, Сојузот на стопански комори, бизнис асоцијации, иницијативи за социјално претприемништво од страна на локалните невладини организации, иницијативата за GlobalCompact ОН и други.

Сојузот оствари активно учество во серија настани на организациите од јавниот сектор со кои воспостави соработка во насока на јакнење на релевантноста на Сојузот како партнер во јавно-приватниот дијалог.



*Обраќање на симпозиумот на ИСППИ за практиканство*

Со Агенцијата за поддршка на претприемништвото Сојузот оствари учество на конференција на која беа презентирани инструментите и механизмите кои микрофинансискиот сектор преку членките на МФО ги нуди за јакнење на претприемништвото и нови претпријатија за сегашни и идни менаџери.



*Учество на конференцијата на АППРМ*

Со овие партнери беше иницирaн процес за идентификување на приоритетите и полињата од заеднички интерес како и можни заеднички напори, за реализирање на активности во иднина.

*Работа со регулаторите*

За успешен дијалог со јавниот сектор, од суштинско значење за Сојузот е да биде соодветно подготвен, со струни проверени податоци и анализа базирана на докази, за да биде во можност да понуди одржливи и трајни решенија за предизвиците на регулаторните партнери.

За таа цел, беше спроведена анализа за запознавање со актуелната состојба во финансискиот сектор, преку интервјуа со микрофинансиски организации и банки кои работат во Македонија како и НБРМ и МФ како регулатори за да ги идентификуваме предизвиците со кои се соочуваме.

Во таа насока, извршниот директор се ангажираше на подготовка на анализа во форма на студија: “Анализа на постоечките прописи за микрофинансирање и соодветните практики на земјите од регионот со фокус на членство во ЕУ на земјите кандидати“.

Студијата вклучува компаративна анализа на повеќе од десет земји во различни области, примери на политики и споредба на искуствата во Македонија, како и серија на препораки за чекорите кои треба да се преземат од страна на Сојузот, заедно со остатокот на засегнатите страни во процесот за подобрување на бизнис климата во микрофинансирањето и пристапот до финансии.

Во текот на 2016 година извршната канцеларија на сојузот и членките остварија активна комуникација со регулаторите за новиот закон за платежни услуги. Овој закон е од големо значење за секторот на микро финансирање бидејќи треба да обезбеди можност тие да станат лиценцирани "платни институции" овозможувајќи им да понудат платежни услуги за своите клиенти и пошироката

јавност. Ова претставува можност за членките на Сојузот затоа што ќе бидат во можност да понудат дополнителни услуги за постојните клиенти, за јакнење на нивната доверба и лојалност, но и клучна помош на нашите напори за проширување на база на клиенти на членките.

Во тој контекст, Сојузот организираше студиска посета на Белград, Република Србија, на која со учество на членките на серија состаноци беа разменети сознанија за текот на реформата на платежните услуги со

- Народната банка на Србија
- Платната институција Тенфоре, Белград
- Платната институција Пејспот, Нови Сад
- Проектот на УСАИД за Деловно окружување
- ФИННОК Консалтинг, и
- Белградска банкарска академија



*Од средбата со Народна банка на Србија*

Во текот на посетата беше воспоставена соработка со релевантните институции и беа обезбедени мошне значајни информации за регулаторните предизвици и имплементациските искуства во оваа сфера, како силен придонес за успешна асистенција на домашните регулатори во процесот, во насока на вклучување на микрофинансиските институции како платни оператори.

Сојузот продолжува да работи со Министерството за финансии и Народната банка во оваа област за да обезбедиме законодавство кое пропишува поволни услови за вклучување на членките.

Регионалниот форум за микрофинансирање “Со микрофинансирање до финансиска инклузија“ во организација на Сојузот и проектните партнери одржан во септември имаше силно позитивно

влијание во работата на Сојузот со регулаторите, со нивно значително присуство и учество во процесот. Беа презентирани регулаторни предизвици и практики од поширокиот регион и беше договорена континуирана дебата со колегите од јавниот сектор.



*Отворање на регионалниот форум*

Форумот отворен од страна на Гувернерот на НБРМ, Министерот за финансии и директорот на мисијата на УСАИД во Македонија, со над 90 учесници од јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор но и Европската мрежа за микрофинансирање-Брисел и центарот за микрофинансирање-Варшава,




*Со претставниците на Европската микрофинансиска мрежа и Центарот за микрофинансирање од Полска*

беше организиран во соработка со Штедилница Можности, Штедилница ФУЛМ, Микрофондација Хоризонти и Македонската фондација за развој на претпријатија.

На форумот се разговараше за различни теми:

• клучната улога на микрофинансирањето во зголемување на финансиската инклузија
• иновативни пристапи во обезбедување на подобри пристапот до финансии
• сегашната ситуација со микрофинансирање во регионот, предизвици и можности,• регулаторната средина за микрофинансирање
• пристап до фондовите на ЕУ за микрофинансирање.



*Учесници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на форумот*

На настанот учествуваа
- микрофинансиски мрежи
- небанкарски финансиски институции во областа на микрофинансирање
- регулаторните институции
- искусни експерти од земјата и регионот
- претставници на донаторската заедница.

<u>Компонента 3: Регионална соработка</u>

Во текот на 2016 година, беа воспоставени контакти и беше договорена соработка со регионални сојузи за микрофинансирање и микрофинансиски организации како и регулатори, донаторски проекти и експерти од Србија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Романија, Полска, Италија, Белгија.

Изградената регионална позиција на Сојузот беше потврдена на регионалниот форум во Скопје, кога како домаќини на претставници на сите овие земји, беше овозможено да разговараат за заедничките предизвици и можности за понатамошен развој на микрофинансирањето во регионот.

СОЈУЗ НА МИКРОФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
ул. Св. Кирил и Методиј 48, лок. 5-А, МК-1000 Скопје
т. +389 2 6161605
e. office@mfo.mk
w. www.mfo.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## за годишната сметка на МФО за 2016 година

Извештајот за годишната сметка на МФО се однесува на периодот од 01 јануари до 31 декември 2016 година.

Финансиските извештаи на МФО за 2016 г. се подготвени во согласност со стандардите за финансиско известување, со споредбени податоци за 2015 г.

На заклучниот ден на годишната сметка за 2016 година, состојбата по одделни биланси е следна:

### 1. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| Опис | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 22.027.843 | 3.105.131 |
| Вкупни расходи | 14.650.807 | 688.197 |
| **Разлика помеѓу приходи и расходи** | **7.377.036** | **2.416.934** |

### 1.1. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Категоријата вкупни приходи се состои од следните подкатегории:

| Опис | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 44 | 2 |
| Позитивни курсни разлики | 31.497 | 20.931 |
| Приходи од донации | 21.977.787 | 3.084.198 |
| Вонредни приходи | 18.515 | 0 |
| **Вкупно** | **22.027.843** | **3.105.131** |

а) **Приходи од донации** се проектните средства добиени по проектот со УСАИД, останатите приходи од членарини, подароци и донации и приходи од пренос на вишок од претходни години

б) **Вонредни приходи** се средства добиени како надомест за украдено основно средство-лаптоп.

### 1.2. ВКУПНИ РАСХОДИ

Категоријата Вкупни расходи се состои од следниве подкатегории:

| Опис | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 145.327 | 9.691 |
| Потрошена енергија | 59.777 | 1.647 |
| Други услуги | | |
| - Истражување на пазарот | 455.000 | |
| - Хотелско сместување | 67.737 | |
| - Котизации за учество на конференции | 258.237 | |
| - Трошоци на кетеринг за настани | 151.330 | |
| - Сметководствени услуги | 62.100 | |
| - Трошоци за телефонија | 32.463 | |
| - Останати услуги | 98.401 | 17.954 |
| Превозни-транспортни услуги | 158.300 | 607 |
| Репрезентација | 3.000 | 5.795 |

| | | |
|---|---|---|
| Наемнина | 456.191 | 66.563 |
| Други материјални расходи | 122.488 | 102.570 |
| Банкарски провизии | 41.995 | 3.715 |
| Премии за осигурување | 5.450 | 0 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 41.040 | 0 |
| Негативни курсни разлики | 171.428 | 65.721 |
| Други расходи | 15.198 | 0 |
| Пренесени средства | 9.252.673 | 0 |
| Средства за опрема | 89.473 | |
| Други капитални средства | 56.325 | |
| Вкалкулирани плати | 2.877.177 | 413.934 |
| Вкалкулирани надомести | 29.697 | 0 |
| Вонредни расходи | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **14.650.807** | **688.197** |

## 2. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

По распределба на вишокот на приходи над расходи по оданочување по одделни фондови и намени (согласно предлогот за распределба дефиниран во 1.4.), состојбата по одделни категории на Билансот на состојба е следна:

| **Опис** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Средства | 7.510.417 | 2.418.749 |
| Фондови и обврски | 7.510.417 | 2.418.749 |

### 2.1. СРЕДСТВА

Категоријата Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки се состои од следните подкатегории:

| **Опис** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Постојани средства | 103.112 | 0 |
| Парични средства | 7.373.192 | 2.385.467 |
| Дадени аванси, депозити и кауции | 34.113 | 33.282 |
| **Вкупно** | **7.510.417** | **2.418.749** |

### 2.2. ФОНДОВИ И ОБВРСКИ

Категоријата фондови и обврски се состои од следните подкатегории:

| **Опис** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Извори на деловни средства | 103.112 | 0 |
| Обврски спрема добавувачи | 20.130 | 1.815 |
| Обврски спрема државата и други инситуции за даноци и придонеси и др. обврски | 10.139 | 0 |
| Обврска за данок на непризнаени расходи | 572 | 580 |
| Пренесени средства за наредна година | 7.376.464 | 2.416.354 |
| **Вкупно** | **7.510.417** | **2.418.749** |